Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 04-400/15
25-11-2021 20
Скопје-Shkup

СКАОП

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/19 и 110/19), ), а во врска со член 16 став (2) од Правилникот за упатување на лица на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката бр.01-4001/1 од 06.08.2014 година, бр.01-1187/1 од 16.02.2015 година и бр. 02-2822/1 од 12.06.2020 година, министерката за одбрана донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за поништување на Интерен оглас за упатување на должност во странство**

1. **СЕ ПОНИШТУВА** Интерниот оглас за упатување на должност во странство **„Штабен офицер за интероперативност во Командата на копнените сили во Измир, Република Турција"** бр.04-400/1 од 18.01.2021 година.
2. Со влегување во сила на ова решение запира спроведувањето на постапката за селекција и избор на кандидат за должноста од Интерниот оглас бр.04-400/1 од 18.01.2021 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основ на Интерниот оглас бр.04-400/1 од 18.01.2021 година, државниот секретар повикувајќи се на Допис бр.04-400/12 од 23.02.2021 година со Записник бр.04-400/10 од 11.02.2021 година и Записник бр. 04-400/11 од 22.02.2021 година на Комисијата за административна селекција и интервју со кандидатите, како и сочинетиот Записник од сублимирање на оценките и рангирање на кандидатите бр.03-400/13 од 18.01.2021 година, достави Предлог бр.03-400/14 од 18.11.2021 година со информација до министерката за одбрана дека не може да се изврши избор поради неисполнување на условите на интерниот оглас.

Согласно член 16 став (2) од Правилникот за упатување на лица на должности во командните структури на НАТО, дипломатските претставништва на Републиката, команди, штабови и воени единици на меѓународни организации во странство и на територијата на Републиката бр.01-4001/1 од 06.08.2014 година, бр.01-1187/1 од 16.02.2015 година и бр. 02-2822/1 од 12.06.2020 година, министерот донесува решение за поништување на огласот ако ниту еден од пријавените кандидати не ги исполнува поставените услови.

Врз основа на изнесените факти во наведениот Предлог, а согласно одредбите од предметниот Правилник, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Изработил: Тони Костески
Контролирала: Ирена Станковска
Согласен: потполковник Предраг Кочовски
Одобрил: Драган Николиќ

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска Јанковска

Доставено до:
- Кабинет на министерката за одбрана;
- Заменик министер;
- Државен секретар;
- Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка;
- Сектор за човечки ресурси и